РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр./Nr. 05-861/4
20__ год./vit
СКОПЈЕ - SHKUP

Бр. 159
18.03.19

# ДОГОВОР
# ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА УСЛУГИ

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ:**

1. Министерството за животна средина и просторно планирање, со адреса на Плоштад Пресвета Богородица, бр.3 Скопје, претставувано од министерот Sadulla Duraki, во натамошниот текст „Договорен орган,, од една страна и
2. Друштво Македонијапатент Агенција за заштита на пронајдувачки дејности, стоковни и услужни жигови и други авторски права ДОО Скопје со адреса на Апостол Гусларот 3, 1000 Скопје, претставувано од управителот Љубомир Трајковски, во натамошниот текст: „Носител на набавката".

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

(1) Предмет на овој договор е ангажирање на авторска агенција за период од 1 (една) година, за потребите на Министерството за животна средина и просторно планирање, а по спроведената постапка по Оглас бр.1/2019.

(2) Предметот на договорот е ангажирање на авторска агенција заради користење на услуги:

- Изработка на авторски договори;
- Вршење на правна квалификација на авторските дела;
- Изработка на договори за дело;
- Издавање на фактури за исплата на авторски хонорари;
- Исплата на авторски хонорари по барање на договорниот орган, а во согласност со даноците и другите прописи од областа на даноците и од областа на авторското право, со што целосно одговара за нивната примена;
- Соодветна услуга во врска со прописите за авторското право и даноците од авторско право;
- Стручни совети и консултации од областа на авторското право и
- Други услуги од авторска агенција.

(3) Договорниот орган не е обврзан да ги искористи сите услуги од предметот на договорот.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

(1) Висината на надоместокот – провизијата изнесува 0,01 % (нула запирка нула еден посто) од износот на бруто надоместокот за извршената услуга, согласно со

авторскиот договор, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без вклучен данок на додадена вредност.

(2) На надоместокот на услугата се пресметува данок на додадена вредност.

(3) Износот на висината на надоместокот – провизијата за извршената услуга ќе биде фиксен за целото времетраење на договорот.

(4) Вкупната максимална вредност на договорот изнесува 169.492,00 денари без пресметан данок на додадена вредност (ДДВ).

(5) Вкупната максимална вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност (ДДВ) изнесува 200.000,00 денари (двеста илјади денари).

(6) Договорниот орган не е обврзан да го искористи максималниот износ на вредноста утврден во став 5 од овој член.

## III. ВРЕМЕТРАЕЊЕ, РОК И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 3

Договорот се склучува за временски период од 1 (една) година сметано од денот на потпишувањето на договорот или до целосна реализација на вредноста на договорот (што прво ќе достаса).Член 4

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го извршува сукцесивно, според искажаните потреби на договорниот орган во рок не подолг од еден работен ден, по претходно доставено писмено барање од договорниот орган, во кое ќе бидат содржани конкретните спецификации и податоци за бараната услуга.

Член 5

Носителот на набавката е должен да го изврши предметот на договорот стручно и квалитетно согласно понудата, тендерската документација, упатствата на договорниот орган и во согласност со законската регулатива за овој вид на набавка.

## IV.ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 6

(1) Услов за потпишување на договорот со избраниот најповолен понудувач е обезбедување гаранција од страна на избраниот најповолен понудувач за квалитетно извршување на договорот во висина од 5% од вредноста на договорот.

(2) Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот избраниот најповолен понудувач ја доставува по добиеното известување за извршениот избор, а пред склучување на договорот во рок од 5 (пет) работни дена од добиеното известување.

Член 7

(1) Во исклучителни случаи, доколку банката не издава гаранција за квалитетно извршување на договорот без потпишување на договор, договорот ќе се смета за склучен и ќе влезе во сила по доставување на банкараската гаранција за квалитетно извршување на договорот кое носителот на набавката се обврзува ја достави во рок од 5 (пет) работни дена од денот на потпишување на договорот.

(2) Во случај да не се достави гаранцијата иако договорот е потпишан, ќе се смета дека истиот не е склучен и може да се издаде негативна референца.

Член 8

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Член 9

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката. Доколку дојде до наплата на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, договорниот орган ќе објави до ЕСЈН негативна референца. За наплатата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот и за објавувањето на негативна референца на ЕСЈН, носителот на набавката може да покрене спор пред надлежниот суд.

Член 10

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

## V. РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 11

Договорниот орган плаќањето за извршените услуги ќе го врши врз основа на доставена фактура за извршена услуга на адресата на Министерството за животна средина и просторно планирање, Плоштад Пресвета Богородица, бр.3 Скопје, во рок од 30 (триесет) календарски денови, сметано од денот на приемот на фактурата во писарницата на Министерството.

Член 12

Кон фактурата носителот на набавката задолжително доставува авторски договор и/или друга документација која се однесува на барањето на договорниот орган.

Фактурата треба да ги содржи сите трошоци кои треба да ги плати договорниот орган:

- нето износ за исплата на авторот
- персонален данок за приходи од соодветниот вид на ндомест;
- износ на провизија на носителот на набавката и

- данок на додадена вредност.

Член 13

Во договорот за исплата на авторскиот хонорар носителот на набавката е должен да го наведе нето износот за исплата на авторот, персоналниот данок за соодветниот вид на надоместок и агенциска провизија пресметана на збирот на претходните два елемента.

## VI. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 14

Носителот на набавката се обврзува да го извршува предметот на договорот стручно и квалитетно согласно понудата, тендерската документација, техничките спецификации, упатствата на договорниот орган и во согласност со законската регулатива за овој вид на набавка.

Член 15

Носителот на набавката ќе го извршува предметот на договорот сукцесивно, според искажани потреби на договорниот орган.

Член 16

Носителот на набавката е обврзана да ги подготви авторските договори и истите да ги достави на увид кај службите на Договорниот орган пред истиот да биде потпишан од сите договорни страни.

Член 17

По исплатата на средствата од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, носителот на набавката се обврзува дека ќе изврши исплата на авторите во рок не подолг од 3 (три) дена.

Член 18

(1) Носителот на набавката со потпишување на договорот гарантира за точноста, исправноста и навремената уплата на персонален данок од доход, во име и за сметка на авторите, согласно со авторскиот договор.
Носителот на набавката е должен да врши пресметување и уплата на аконтацијата на персоналниот данок на начин и во рок определен со законот за персоналниот данок од доход.

(2) Доколку носителот на набавката не постапи согласно член 18 став 1, обврската за плаќање на камата за задоцнета уплата паѓаат на товар на носителот на набавката.

Член 19

Носителот на набавката е должен на договорниот орган да му доставува фактура и

авторски договор.

Член 20

Носителот на набавката, се обврзува на договорниот орган по секој исплатен хонорар/надоместок врз основа на авторски договор, да му достави потврда или друг доказ за извршената исплата.

## VII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 21

Договорниот орган се обврзува барањето за извршување на услугата да го доставува до носителот на набавката во писмена форма, при што тоа треба задолжително да ги содржи потребните податоци и спецификации за бараната услуга.

Член 22

Договорниот орган се обврзува да изврши исплата на авторските надоместоци преку носителот на набавката за извршените услуги врз основа на доставената фактура согласно со законот за авторско право и сродни права, а по потреба и за други видови на надоместоци.

Член 23

Договорниот орган се обврзува дека плаќањето на носителот на набавката ќе го врши во рокот од членот 11 на овој договор.

## VIII. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 24

Овој договор може да се раскине спогодбено со согласност на договорните страни.

Член 25

(1) Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.
Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

(2) Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

(3) Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатата на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 26

(1) Кога носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, договорниот орган може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

(2) Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

(3) Ако носителот на набавката не ја исполнил својата обврска во рокот утврден во овој договор или не ја исполнил ниту во дополнителниот кој бил даден од договорниот орган, договорниот орган може да го раскине договорот.

Член 27

(1) Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови, и сл.).

(2) Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

(3) Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

(4) За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

(5) Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

(6) По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 28

(1) Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

(2) Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

(3) Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување анекс на договорот.

(4) Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во

писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 29

Договорот стапува на сила со денот на потпишувањето од двете договорни страни, односно по доставување на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот.

Член 30

Сите спорови кои ќе настанат во текот на работата, странките ќе се обидат да ги решат спогодбено, во спротивно ќе решава надлежниот суд во Скопје.

Член 31

За сè што не е регулирано со овој договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и од другите позитивни прописи во Република СевернаМакедонија.

Член 32

Овој договор е составен во 6 (шест) еднообразни примероци од кои 3 (три) примерока за договорниот орган и 2 (три) примерока за носителот на набавката.

ДОГОВОРЕН ОРГАН:

Министерството за животна средина и просторно планирање

МИНИСТЕР,

Sadulla Duraki

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА:

Друштво за заштита на авторски права Македонија патент ДОО
Апостол Гусларот 3 , 1000 Скопје

УПРАВИТЕЛ,

Љубомир Трајковски

**Изготвил:** Ардијан Ќазими
**Контролирал:** Билјана Тешева Ѓоргиевска
Марјан Крстевски
**Одобрил:** Тодор Ѓорговски
Весна Петерушевска
**Согласен:** Ана Петровска
Државен секретар

**Составен дело на овој Договор е:**

Понуда по спроведена електронска аукција од Друштво Македонијапатент Агенција за заштита на пронајдувачки дејности, стоковни и услужни жигови и други авторски права Македонија патент ДОО Скопје

**Прилог 1 – Образец на понуда**

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот број 1/2019 објавен од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање , за доделување на договор за јавна набавка на услуги – ангажирање на авторска агенција за период од една година со спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди, со електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk), и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

## ПОНУДА

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: Македонијапатент ДОО

I.2. Контакт информации

- Адреса: Апостол Гусларот 3 , 1000 Скопје
- Телефон: 02/3121-053 3122-189
- Факс: 02/3121-059
- Е-пошта: makpatent@makpatent.mk
- Лице за контакт: Љубомир Трајковски

I.3. Одговорно лице: Љубомир Трајковски

I.4. Даночен број:4030995108802

**Дел II – Техничка понуда*(задолжително пополнување)***

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве услуги:

Изготвување на договори и фактури и исплата на истите .

*[Со пополнување на оваа точка понудувачот потврдува дека услугите кои ги нуди се во согласност со техничките барања и техничките спецификации дадени во тендерската документација]*

II.2. Го прифаќаме начинот и рокот на извршување на услугата утврдена во тендерската документација.

**Дел III – Финансиска понуда*(задолжително пополнување)***

III.1 Вкупната цена-провизија на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без вклучен ДДВ изнесува: 0,01 [со бројки] (нулакоманулаеденпосто ) [со букви] денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува 0,002%.

III.2. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III.3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум
Скопје, 25.02.2019

Одговорно лице Ljubomir Trajkovski

(потпис) *

Digitally signed by Ljubomir Trajkovski
Date: 2019.02.27 10:32:42 +01'00'

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*